РСВР - СРМ
СДБ

# ПРАШАЛНИК - ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦЕ

ВК У 1

| | |
|---|---|
| Регистарски број | 2571 |
| Датум на пополнувањето на прашалникот | 3.XII.1968 g. |

1 2571 7

Domčevski

| | презиме | татково име | име |
|---|---|---|---|
| 1 | 8 (DJONČEVSKI) 20 | 22 [redacted] 30 | 32 NIKOLA 42 |

Изворно 8 - 42

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Датум на раѓање | 13 septemvri 1932 god. | 1309132 48 |
| 3 | Место на раѓањето и општина | s. Oktisi - Ohridsko | 25934 53 |
| 4 | Народност | makedonec | 04 55 |
| 5 | Државјанство | SFRJ | 01 57 |
| 6 | Стално место на живеење-живеалиште | Skopje , Zelen pazar I zg. IV bl. | 09033 62 |
| 7 | Занимање | student - tehnički fakultet /togaš/ | 999 65 |
| 8 | Однос со органи за ВР | sorabotnik na DB angaž.na kom.materi. | 1 66 |
| 9 мерки | а) оперативни мерки | ne se prezemeni merki | 00 68 |
| | б) судски | | 00 70 |
| | ц) прекршочни | | 00 72 |
| 10 | Висина на казната осудата | | 00 74 |

11. Оперативни податоци

Nikola proizleguva od bedna selska familija, kako student na tehnički fakultet vo 1955 g. ima poveke istapi po linija na RIB. Taka pred liceto [redacted] i na rabota vo personlano vo RSVR i pred nivnite soprugi za vreme na prečekot na novata godina oštro istapil po linija na IB. Nikola zboruval da kako [redacted] bile vo pravo, kako kaj nas nemalo nikakva demokratija, kako ne trebalo da se odi na sremskiot front a da se odi na Solun. Kako rabotničkite soveti bile izmama a ne demokratija, [redacted] bil nepogrešiv itn.
Na osnovu ovoj materijal e vrbovan od [redacted] ali kako rabotel nema samo stoi da e 1957 g. deregistriran.

[redacted]

01 78

00 78

00 80

[redacted] [redacted]

'VR-SRM-SDB 25.05.1987 GOD. 1 STRANA

ONČEVSKI [redacted] NIKOLA LIČNO DOSIE BR. N-26105

DEN 1931 GOD. VO STRUGA

VEE VO STRUGA

RODNOST MAKEDONSKA DRŽAVJANIN NA SFRJ

NIMANJE: GRADEŽEN INŽINER

LINII NA RABOTA NA SDB:

VNATREŠEN NEPRIJATEL

RABOTNIČKI ODNOS: SORAB. NA DB ANGAŽ. NA PATRIOT.OSN.

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI:

POTEKNUVA OD SELSKO SIROMAŠNO SEMEJSTVO KOE VO VOJNATA SE OPREDELILO ZA NOD. BIL POZITIVEN MLADINEC I UŠTE KAKO SREDNOŠKOLEC BIL KORISTEN OD SDB-SKOPJE KAKO OPERATIVVNA VRSKA. POTOA BIL KORISTEN I OD SDB STRUGA DO 1977 GOD. KOGA BIL ZVANIČNO ANGAŽIRAN ZA SORABOTKA PO VNATREŠNA PROBLEMATIKA. UČESTVUVAL VO OBRABOTKA NA POO. BIDEJĆI ZAVZEMAL VRVNI OPŠTESTVENO-POLITIČKI FUNKCII VO 1987 GOD. E DEREGISTRIRAN OD AKTIVNA SORABOTNIČKA MREŽA. DOSIETO E PREFRLENO VO IA : 0430 05 87.

SIETO E FORMIRANO OD ISPOSTAVA SDB-STRUGA

# ПРАШАЛНИК ЗА РЕВИЗИЈА НА ЛИЧНО ДОСИЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на лично досие | ~~2605~~ 04300187 | 1026105 | 8 |
| Основен орган | МСВР Струга | 4995 | 10 |
| Датум на пополнување на прашалникот | 20.05.1987 | | |

| | | презиме | татково име | име | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Гончевски | [redacted] | Никола | 1 | 40 |
| 2 | Датум на раѓање | | | 1931 | 30 | 42 |
| 3 | Место на раѓањето и општина | с. Октиси Струга | | | 4882047 | 47 |
| 4 | Народност | Македонец | | | 12 | 49 |
| 5 | Државјанство | СФРЈ | | | 100 | 51 |
| 6 | Стално место на живеење-живеалиште | Струга | | | 4882047 | 56 |
| 7 | Занимање | Градежен инжењер | | | 611 | 59 |
| 8 | Однос со органи за ВР | Сораб. по 26 акт на поткр. основа | | | 2 | 60 |
| 9 | КАТЕГОРИЈА – Прва | | | | | 62 |
| | КАТЕГОРИЈА – Втора | | | | | 64 |
| | КАТЕГОРИЈА – Трета | | | | | 66 |
| 10 | Судски и административни мерки по ДБ и кога се превземени | | | | | 67 |
| 11 | Колку пати е осудуван | | | | | 68 |
| 12 | Висината на казната-осудата | | | | | 70 |
| 13 | Кога е формирано досието | 14.10.1977. | | | 772 | 72 |

14 Кратка содржина на досието:

Потекнува од селско-сиромашно семејство, кое во војната се определило за НОБ и го потпомагало морално и материјално.

Никола бил позитивен младинец и уште како средношколец бил користен од СДБ-Скопје како опер. врска. Како таков бил користен и на работното место од СДБ-Струга се до 1977 г. кога бил и званично ангажиран и користен по внатрешна проблематика, а учествувал и во обработка на ГОО. Со оглед да заземал врвни општествено-политички функции од пред 3-4 години во 1987 г. е деактивиран и оставен од работа.

| 15 | Што да се прави со досието | Да остане во историски архив |
|---|---|---|

[redacted]

ПРАШАЛНИКОТ ГО ПОПОЛНИЛ:

ГО КОНТРОЛИРАЛ ПОПОЛНУВАЊЕТО:

(читок потпис)

ГО ШИФРИРАЛ:

(читок потпис)

ГО КОНТРОЛИРАЛ ШИФРИРАЊЕТО:

(читок потпис)

4

РСВР на СРМ – Скопје
Испостава на СДБ – Охрид
Инспектор: [redacted]
Охрид, 14.10.1977 година
Отчукано во 3 примероци /БР
Доставено до III и IV сектор
Скопје и ИСДБ – Охрид
Евид. бр. 914/706

# П Р Е Д Л О Г

за ангажирање на лицето ЃОНЧЕСКИ [redacted]
НИКОЛА, дип. инжињер од село Октиси –
Струшко, по линија на внатрешен непријател.

Роден 1931 година во село Октиси – Струшко, по нацио-
налност македонец, државјанин на СФРЈ, организиран,
оженет, дип. градежен инжињер, вработен во ХЦ "Глобо-
чица" -Струга, не осудуван нити притворан, стално на-
станет во Струга.

Никола, потекнува од средноимотно селско семејство. За
време на Стара Југославија, неговата поблиска фамилија,
односно неговиот татко, [redacted] се занимавал како зидар –
фасадер, работејќи во Белград кој во политички поглед
бил незаинтересиран – пасивен.

За време на окупацијата, исто така, се занимавал со зи-
дарство и како домашар на свое имање, како би ги прехра-
нил своето семејство. Политички бил заинтересиран, бидеј-
ќи морално и материјално го помагал НОБ. Негов помал брат,
а стрико на Никола [redacted] зел активно
учество меѓу првите и бил командант на баталјон. Загинал
во 1951 година при пилотирање како воздухопловни капетан.

./.

По ослободувањето на нашата земја [redacted] и понатака рабо-
тел како зидар во повеќе краишта на нашата земја на кого
држањето му било позитивно. Помалиот син на [redacted] брат
на Никола по име [redacted] роден 1934 година се пројавил по
ИБ за кого постои лично досие во РСВР на СРМ - Скопје.
Истиот сега се занимавал со зидарство и не е регистриран
некој истап.

Никола, основното четиригодишно училиште го завршил во
село Октиси, а седмолетка во село Вевчани кој по завршу-
вањето се запишал на средно-техничко училиште во Скопје.
Како ученик бил примерен и трудољубив. Со завршувањето на
средното образование се запишал на редовни студии на Тех-
ничкиот факултет - градежен отсек кој на време дипломирал.
Како ученик во Средно-техничкото училиште во Скопје, за вре-
ме на ИБ, бил користен од страна на СДБ како оперативна
врска за обработка на [redacted] негов зет од сестра,
техничар, родом од исто село, а кој беше осуден на две
години затвор. Истиот е вработен во објектот ХЦ "Глобочи-
ца" - Струга какде се вработени наши интересни лица по ВМ
и ИБ кој за некои интересни појави од непријателски карак-
тер повремено не́ информирал. Укажувал на појави од бирократ-
ско-догматски, односно антисамоуправни и групашки позиции,
така да сме биле во тек при превземањето на понатамошни
мерки.

Постојат објективни и субјективни можности, односно е вкло-
пен во интересни средини, а како карактер е интелегентен,
проницлив, конспеAccording to ративен и објективен. Повеќе пати е во
контакт и со [redacted] порано осудуван по ВМ кој
за интересни случаеви и не́ информирал.

Имајќи ги предвид ваквите негови можности предлагам да
истиот се ангажира и се користи по бирократско-либерали-
стички и антисамоуправни позиции.

./.

Ако предлогот се одобрида се регистрира во активна соработничка мрежа под псевдоним "ВИХОР".

ПРЕДЛАГА

[redacted]

СЕ СОГЛАСУВА

За Шеф на ИСДБ - Охрид,

[redacted]

О Д О Б Р У В А

Началник на III сектор

[redacted]

6314

РСВР на СРМ - Скопје
Испостава на СДБ - Охрид
Извор: "Вихор"
Инспектор: [redacted]
Охрид, 2.6.1978 година
Отчукано во 3 примероци /БР
Доставено до III и IV сектор
Скопје и ИСДБ - Охрид
Евид. бр. 514 /1978/

# И З В Е Ш Т А Ј

На 2.6.1978 година беше одржан состанок со соработникот "Вихор" кој покрај другото, не информира следното:

На 24.5.1978 година бевме во Скопје, јас, [redacted] инжинер, сите вработени во ХЕ "Глобочица" - Струга. Кога привршивме работа во Електростопанство - Скопје ручавме во трговскиот центар. Покрај другиот разговор [redacted] постави прашање за сегашните политички состојби во Африка. [redacted] на тоа му одговараше, а јас не се упуштив да дискутирам. Потоа [redacted] зборуваше и за личноста на другарот Тито како бил доста стар и го губел памтењето и не бил во состојба да работи. Сега скоро кога Тито заседавал со Претседателството на СФРЈ, наводно, да станало дискусија и во врска пушењето - да не се пушти на седниците. Тогаш Тито, наводно, им рекол ако се донесела таква одлука немало да присаствува на состаноците, бидејќи да бил страсен пушач. Во врска со [redacted] ни каже вид кој наводно го слушал од други кој гласи: "Тито у шаху жртвовао даму да добие партију!".

Кога се враќавме од Скопје за Струга [redacted] дискутираше за воените вежби кои денес се изведувале и да тој бил поставен

./.

командант на голема воена единица во ТЕО. Поранешниот командант на гарнизонот во Охрид бил со него добар другар и имал увид, бидејќи истиот на [redacted] се му кажувал и сегашни командант поинаку се понашал со него и одбегнувал да се произнесува пред него, но тоа нему не му било потребно од друга страна бил запознат со воени тајни.

Наквите коментари и ставови на [redacted] се зачудувачки и по моја оценка интересни. Истиот е доста комуникативен и насртлив, контактира со наши високи личности и водените разговори ги проширува пред разни лица во Струга, што е доста штетно - неводејќи сметка за конспеaccordingтивноста на поедини податоци. [redacted] е доста чуден и нешто со него се одиграва и ќе треба над него да имате увид. Здрав комуниста и патриота на оваа земја не дискутира такви невистинитости поврзани со личноста на другарот Тито".

II

Опишаниот податок во извештајов, и ако не е проверен, го примам за точен, бидејќи изворот е многу стабилен и одмерен, а [redacted] како карактер, склон кон вакви и слични коментари. Точно е тоа да кај истиот не постои конспиративност и коментира се и сешто пред граѓани - негови другари, неводејќи сметка за штетноста на таквите коментари.

Истиот е доста интелегентен и комуникативен, доста радознал и сака да знае се, односно да биде во тек со состојбите во земјата. Насртлив е контактира со наши раководители, а потоа разговорите ги пренесува на други лица, што е доста штетно и укажува на една негова нестабилност.

./.

Коментарите во врска со другарот Тито од негова страна се произволни и пропагандно штетни во околината кај ги коментира. За истиот постои досие во РСВР на СРМ кое треба да се проучи и понатака прати неговиот однос.

Соработникот беше ориентиран да и понатака ги следи коментарите на [redacted] и нас не информира.

III

1. [redacted] роден 1925 година во Струга, македонец, државјанин на СФРЈ, организиран, оженет, директор на ХЦ "Глобочица", не осудуван, стално настанет во Струга.

Инспектор

[redacted]

РСВР на СРМ - Скопје
Испостава на СДБ - Охрид
Извор: "Вихор"
Инспектор: [redacted]
Охрид, 8.7.1978 година
Отчукано во 4 примероци /БР
Доставено до I, III и IV сектор
Скопје и ИСДБ - Охрид
Евид. бр. 659 (602)

IV

# И З В Е Ш Т А Ј

На 8.7.1978 година беше одржан состанок со соработникот кој, во врска неговото патување во странство - СССР, не информира следното:

"На 14.6.1978 година, со група работници од ХЦ "Глобочица" - Струга, заминавме на шетање во СССР, а се вративме на 22.6.1968 година. Во исто време од Белград одеше една група меѓу кои разбрав дека имало и пензионисани генерали.

Кога стигнавме во Киев, царинските органи ни вршеа преглед на багажот и најдоа големи количини: шваќаки гуми, фармерки, и др. Со нас беше и татко му на [redacted] рударски инжињер во ХЦ "Глобочица" по име [redacted] пензионер и жената му - за кого после ќе ви кажам за еден негов испад.

Кога летавме со авионот од Мисква за Ленинград, водичот на нашата југословенска група ни рече дека ќе одиме на заедничка вечера во хотел "Латко". Кога појдовме во хотелот имаше англези, французи и други, а нас, со една група од Србија, не ставија во посебна просторија. Музиката свиреше и преди да почни вечерата еден од групата на србите рече: "Другари македонци, ајде да запееме некоја песна!" Се пееше песната "Иде Тито преко Романије". Во спротивен астал седеше инжињерот [redacted] со татко му [redacted] и лицето [redacted]

./.

[redacted] скокна како избезумен и застана во средината на салата кој на групата се обрати кога се пееше песната со зборовите: "А друг Сталин преко Германије"! Со овие негови зборови песната се прекрати и настана штама, сите го гледавме него. Син му [redacted] стана, го фати за рака таткаси и го тргна на асталот. Водич ни беше еден црногорец и на [redacted] му рече: "Со што нас Сталин не задолжил што ја пеел песната тука", а [redacted] ништо не му одговори.

Во секој хотел каде што бевме русите имаа ангажирано млади одбрани студенкињи за прихваќање на странци. По моја оценка преку ваkви форми на прифат не се исклучува можноста за присатност на руската служба.

[redacted] инжињер во ХЦ "Глобочица" во Струга веднаш се запозна со една студенкиња која го однесе дома - имала татко кој работел во Сибир, наводно, како работник. Го прашав што разговараа тамо, ми рече дека се водел разговор изопшто, а најповеќе се интересирале за животот во Југославија. [redacted] ми напомна дека русите имале повисок општествен стандард, а заостанувал личниот стандард и никако не рече лошо за русите кој спрема нив се однесуваше со извесни симпатии. Студенкињата, како подарок, му купила фотоапарат и фото камера, која во продавниците ја немаше. Од каде му ја набавила камерата мене не ми е познато, ниту пак ми кажа дека го водел разговорот само со неа. Спомна дека понатака ќе се допишувал со писма. Кога се вративме од СССР истиот замина со ракометарите од Струга за Чехословачка.

Од Ленинград кога требаше да летаме за Киев, станав во 6,оо саатот наутро и го најдов [redacted] каде разговара со едно лице од Бугарија. Ми кажа [redacted] дека било лицето македонец од околината на Благоевград и јас се приклучив во нивниот разговор. Во тој момент дојде жена му на лицето по на-

./.

ционалност бугарка. Се потенцира од нивната страна дека македонците биле бугари, јас им реков дека не е тоа така и да КП на Бугарија води антимакедонска пропаганда. Во тој момент [redacted] ми рече дека ние сме биле криви што бугарите не не признавале, нашиот јазик бил близок со бугарскиот јазик, кој во меѓувреме и намигнуваше со око на бугарката. Во една згодна прилика мажот на бугарката кој беше по потекло македонец ми рече дека сум бил во право само тој се плашел од жена му да дискутира."

II

Преди да оди соработникот во странство - СССР беше договорено и ориентиран на се што да се интересира. Истиот е проверен кој, како карактер, не е склон кон преувеличување. Од овој аспект податоците, изнесени во извештајот, ги примам без резерва и сметам дека се точни. Некои моменти се доста интересни и заслужуваат соодветно наше внимание.

Точно е тоа да повеќето наши граѓани кои одат во странство, нарочно во СССР се занимаваат со недозволена трговија и не се внимава толку на нивниот однос. Односот, односно истапот на [redacted] укажува на негова просталинистичка и пробугарска ориентација за која цел истапот ќе биде задокументиран и поднесе прекршочна пријава.

Доста интересен е контактот на [redacted] со споменатата студенкиња кај која бил поканет дома. Ова укажува присатност на руската служба преку ангажирање на вакви студенти во летната ваканција. [redacted] пред соработникот се произнесувал на проруска линија за која цел ќе биди воспоставен увид со цел да се види и проучи од каков карактер е ваквиот контакт и негово понатамошно држење. Со соработникот се колеги и добри пријатели и ќе бидеме во состојба да го пратиме понатака.

./.

Беше договорено со соработникот да биде во тек со допишувањето на [redacted] со студенкињата од СССР и се интересира за негови евентуални промени во поведението.

III

1. [redacted] роден 1911 година во град Струга, македонец, државјанин на СФРЈ, пензионер, не осудуван, стално настанет во Струга.

2. [redacted] роден 1937 година во Охрид, македонец, државјанин на СФРЈ, член на СКМ, инжињер - одгоооворен на градежна служба при ХЦ "Глобочица" - Струга, не осудуван, стално настанет во Струга.

Инспектор,

[redacted]

РСВР на СРМ Скопје
ИСДБ-Струга
Инспектор [redacted]
Струга 21.4.1987г.
Одчукано во 3 примероци
Доставено до III и IV сектор
Скопје и ИСДБ-Струга
Ев.бр. 172

# ПРЕДЛОГ

За дерегистрирање на соработникот "ВИХОР".

Соработникот "ВИХОР" ангажиран е во 1977 г. на патриотска основа по линија на внатрешен непријател.

На врска го држел инспекторот [redacted] сега секретар на СВР Струга, но примопредавање не е извршено од повеќе причини.

Имено соработникот "ВИХОР" се користеше за покривање на носители н непријателска активност од позиции на македонски национализам, осс бено на лицето [redacted] (порано осудувано лице за непријате ска активност од горепоменатите позиции) и др. лица кој непријателски се однесувале во ХЦ "Глобочица". Со фактот што "ВИХОР" пред три години беше избран за Претседател на Собрание на Општина Струг а денес се наоѓа на функција Претседател на ОК на СКМ на Струга и со тоашто веќе ја изгуби средината од која може да се очекува непр јателска активност ИСДБ-Струга предлага да истиот се дерегистрира.

СОГЛАСЕН
Шеф на ИСДБ-Струга
[redacted]

ПРЕДЛАГА
Инспектор
[redacted]

ОДОБРУВА
Началник на III-ти сектор
[redacted]

LIČNO DOSIE BR. 1-0751 0/1 ИВ

N O S I T E L :

PREZIME : [redacted]

TATKO :

IME :

RODEN 1925 GOD. VO STRUGA

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : EKONOMIST

ŽIVEE VO STRUGA NA UL. [redacted]

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNIVE KATEGORII :

1. RAKOVODITEL (VIDEN ČLEN) NA FAŠISTIČKA ORGANIZACIJA ZA VREME NA VOJNATA
2. RAKOVODITEL (ČLEN) NA POVOENA VANČOVISTIČKA ORGANIZACIJA (GRUPA)

SUDSKO-ADMINISTRATIVNI MERKI : OSUDUVAN NA 8 GOD.

DOSIETO FORMIRANO VO ISDB OHRID 1947 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

ZA VREME NA OKUPACIJATA BIL ČLEN NA FAŠISTIČKATA ORGANIZACIJA'BRANIK'. KRATKO VREME PO OSLOBODUVANJETO OFORMIL NACIONALISTIČKA GRUPA I USPEAL ISTATA DA JA PROŠIRI KAKO VO GRADOT,TAKA I PO SELATA.NA SOSTANOCITE E DISKUTIRANO ZA SOZDAVANJE NA SAMOSTOJNA OBEDINETA MAKEDONIJA PO NASILEN PAT I ORGANIZIRAL TROJKI ZA VRŠENJE NA ATENTATI,SABOTAŽI I DIVERZII.PO IZDRŽANATA KAZNA I PONATAMU E NEPRIJATELSKI ORIENTIRAN.

[redacted]

18.12.76

Сд.05-5575/530

РСВР НА СРМ - СДБ - Скопје
Испостава Охрид
Извор: Ѓончески Никола
Примил: [redacted] година
Евидентен број 798/5901
Отчукано во 3 примероци /БР
Доставено: 1 примерок III сектор,
1 примерок IV сектор, и
1 примерок ИСДБ - Охрид

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

ПРЕДМЕТ: [redacted] блиски контакти со лица осудувани по ВМ.

На 1.12.1976 година беше обавен разговор со лицето Ѓончески Никола, граѓевински инжињер, вработен во ХЦ "Глабочица", кој покрајдругото не информира следното:

Сум уочил една појава која сакав уште порано да ви ја презентирам, но не испадна таква прилика, а која појава треба да ја знаете и имате во вид. Во ХЦ "Глабочица" - Струга работи со мене заедно и лицето [redacted] - машински инжињер. Тој како човек има локалистички сваќања и е против кадровите од село. Член е на секретаријатот на Основната организација на СК во претпријатието кој како таков не е доследен и оди конузурпирање на самоуправните права.

За одбележуваење е тоа што истиот е стално во контакт со [redacted] (осудуван по Ванчовизам) кој работи како правни референт во истото претпријатие. Скоро секој ден е заедно и се посетуваат во канцелариите и се задржуваат подолго време. Дури истиот спроведува, односно наметнува негови влијанија. Ваквите нивни интимни контакти за мене се интересни, а не се случајни - познавајќи го човекот. Јас со него не сум зборувал, но во иднина ќе одам кон зближување како би имал поголема интимност и обавувам разговори. Истиот е зет од ќерка на осуден инфорбираш [redacted] и најверојатно и од него има влијание.

II

Случајот во белешкава е проверен и го примам за точен, а изворот е доволно познат и не е склон кон преувеличување.

Точно е тоа да [redacted] е голем локалиста кој поседува комплекс на висока вредност кој како граѓанин го негира селото, односно кадровите од село. Исто така е точно да истиот е во добри односи и е стално во контакт со репресирани лица по ВМ именно со [redacted] Ваквите негови контакти секако се интересни и ќе бидат предмет на проучување, односно ќе биде воспоставен зајакнат оперативен увид преку постоеќите оперативни врски, а стварање на нови упоришта.

./.

РСВР на СРМ - Скопје
Испостава на СДБ - Охрид
Извор: Инг. Никола Ѓончески
Примил: [redacted]
Охрид, 19.4.1977 година
Отчукано во 3 примероци /БР
Доставено до III и IV сектор
Скопје и ИСДБ - Охрид
Евид. бр. 402/29-1/

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

[redacted]

ПРЕДМЕТ: Согледувања на некои состојби во ХЦ "Глобочица"- Струга и контакти на наши граѓани со страни државјани.

На 19.4.1977 година беше обавен разговор со оперативната врска Никола Ѓончески, градежен инжињер - вработен во ХЦ "Глобочица" - Струга, кој во врска негови согледувања на некои негативни состојби, не информира следното:

- Во ХЦ "Глобочица" - Струга каде што јас работам, како што знаете, се вработени лица кои биле осудувани по Ванчомихајловизам и не би грешил ако констатирам дека тие раководат со работната организација, а тие се: [redacted] Пред 2 (две) години кога беа влошени односите во колективот овие двајца се држеа така како, наводно да се во конфликт, [redacted] беше со директорот [redacted] а [redacted] беше со секретарот [redacted] Целта им беше да се разбие единството во колективот. Во моментов такви односи нема и посматрам дека се заплашени и стојат како исквасени квачки и тоа по сменувањето од раководител на [redacted]. Можам да Ви кажам со неговото сменување ништо не се измени, бидејќи тој и понатака има влијание во било што, прво него го праша директорот, а потоа други. Тој е, така да се рече, и понатака "управник во сенка". Зошто е толку близок [redacted] се уште не ми е познато, а сум заинтересиран за тоа.

Како илустрација на тоа пред недела дена, за дата точно неможам да се сетам, [redacted] го свика на состанок работодавниот орган во кој се лицата: [redacted] а отсатен беше инжињерот [redacted] им сугерирал да му дадат поддршка за повторен избор за директор, наводно, да му нуделе место во Република прашувајќи ги дали да ја прифати таквата функција или повторно ќе го изберат. Му

./.

обеќале сите дека се волни да повторно го изберат. Сега меѓучовечките односи биле добри и немало потреба да ја напушти [redacted] работната организација. После тоа [redacted] предложи да се промени систематизацијата на некои работни места и тоа за поранешното место што го држеше [redacted] - шеф на финансискиот сектор каде се бараше висока спрема со предлог да се бара виша спрема и управник на хотел "Бисер" да се бара со средна спрема. Значи е заинтересиран за лицата [redacted] двајцата од Струга.

За случајот ми кажуваше [redacted] на кого му кажувал [redacted] кој му се спротивставил на предлогот на [redacted] Ако унапред се предвидуваат лица за таквите работни места тогаш зошто се применува институцијата Конкурс. Со тоа, на еден начин, се газат и негираат самоуправните акти. Може на око да е ситница, али треба да за тоа имате увид како не би дошло до поголеми дефекти.

[redacted] се големи локалисти кои према нас кои сме дојдени од село гледаат потценувачки и секој прогрес на таквите кадри, на еден начин, го негираат и сопираат.

За да се постави човек на работното место - шеф на книговодство (на кое порано беше [redacted] и сменет од тоа место) директорот [redacted] барал мислење од [redacted] кое лице да го поставеле. Како може така да постапува [redacted] кога партијата го сменува [redacted] бидејќи порано беше осудуван како Ванчомихајловиста и од него да се бара мислење. Тоа е према моја оценка, за секоја осуда. Зошто истиот не бараше мислење од еден добар член на СКЈ, туку бара мислење од човек што бил непријател на нашето општество.

Во 1976 година била една група Грци во хотел "Бисер" - Струга, која ја предводел некој си [redacted] кој наводно, имал приватна туристичка агенција во Солун. Истиов доаѓал скоро секоја година. Една вечер [redacted] организирал лутрија на чии астал бил и [redacted] со жената. При извлекувањето на [redacted] му паѓа 1000 драхми - парите не ги зел, но тие биле за летовање во Солун кај истиов газда.

Од хотел "Бисер" оделе повеќе келнери во Солун и се навраќале кај [redacted] а тој им обезбедувал драхми. Миналата година бил и [redacted] во наши пари му давале кога тој ќе дојдел кај нас во хотел "Бисер" - на викенд. За случајот поточно знае [redacted] поранешен управник на "Бисер", а сега управник на хотел "Дрим".

II

Наводите во белешкава ги примам за точни, бидејќи изворот е доста искрен и не е склон кон преувеличување. Точно е тоа

./.

да порано во ХЦ "Глобочица" - Струга постојат многу лоши меѓучовечки односи и тоа поделени на две групи. Едни беа со директорот [redacted] а втори беа против него и бараа да се истиот смени. Лицата: [redacted] порано осудувани по Ванчомихајловизам беа поделени, односно [redacted] беше со директорот, а [redacted] со секретарот [redacted] Такви односи сега не постојат и положбата е привидно нормал- [redacted] но сменувањето на [redacted] од шеф на финансиската служба, со акцијата "Кадар" кај истиот постои извесно незадоволство и тоа сосема прикриено. Е присталица на [redacted] кој доста го поддржува и цени, па не е ништо чудно да и понатака се консултира за некој работи [redacted]

Према некој добиени податоци, наводно, да [redacted] биле привидно скарани и кога се на работа не зборувале, а додека во приватниот живот вон работно време се сретнувале. Кога бил болен [redacted] ноќно време бил дома кај него [redacted] И за поранешните лоши односи во ХЦ "Глобочица", наводно да биле причина истите. Ваквиот податок е доста интересен за која цел ќе се оди на понатамошна проверка и утврди правата вистина како би превзеле понатамошни други мерки. Имајќи ја предвид променетата тактика на делување на ваквите непријателски структури во нашата понатамошна поставеност, ќе се има поголема умешност и увид над нивнета понашање на работното место и во приватниот живот.

Во хотелите "Дрим и "Бисер" почесто доаѓаат на викенд и летовање доста грци меѓу кои е почест гост [redacted] кој имал туристичка агенција во Солун. Се провери и точно е тоа да [redacted] минатата година во хотел "Бисер" бил на астал заедно со споменатиот [redacted] кој организирал лутрија за летување во Солун. На лутријата му паднале 1000 драхми на [redacted] Ваквите контакти со страни државјани, гледано од наш аспект, секако се интересни кои ќе бидат предмет на понатамошен наш увид. Ќе биде обавен разговор со [redacted] и се види кој е дој [redacted] и зошто почесто доаѓа во Струга.

Врската беше инструирана да има увид над [redacted] и се интересира какви сега им се односите.

III

1. [redacted] роден 1925 год. во Струга, македонец, државјанин на СФРЈ, не организиран, оженет, дипломиран економист, работи во ХЦ "Глобочица", притворан и осудуван по ВМ, стално настанет во Струга.

2. [redacted] роден 1927 год.во Струга, македонец, државј.на СФРЈ, не организиран, дипл. правник, работи во ХЦ "Елобочица", притворан и осудуван по ВМ, стално настанет во Струга.

Инспектор,

[redacted]

LIČNO DOSIE BR. 1-20230/9

N O S I T E L :

PREZIME : [redacted]

TATKO : [redacted]

IME : [redacted]

RODEN NA 28.02.1929 GOD. VO STRUGA

PO NARODNOST MAKEDONEC A DRŽAVJANIN NA SFRJ

ZANIMANJE (RABOTNO MESTO) : PRAVNIK

ŽIVEE VO STRUGA

SE JAVUVA KAKO PRIPADNIK NA SLEDNIVE KATEGORII :

1. RAKOVODITEL (ČLEN) NA POVCENA VANČOVISTIČKA ORGANIZACIJA (GRUPA)
2. LICE NA ANTISAMOUPRAVNI POZICII

SUDSKO-ADMINISTRATIVNI MERKI : OSUDUVAN NA 5 GOD.

DOSIETO FORMIRANO VO ISDB OHRID 1947 GODINA

LINIJA NA RABOTA : MAKEDONSKI NACIONALIZAM I ŠOVINIZAM

MANIFESTIRANA NEPRIJATELSKA DEJNOST I KARAKTERNI OSOBINI :

VEDNAŠ PO OSLOBODUVANJETO OTPOČNAL NEPRIJATELSKI DA ISTAPUVA NA VM OSNOVA. VO 1946G. PRISTAPIL NA VEĆE ORGANIZIRANA VM GRUPA I STANAL ODGOVOREN NA TERORISTIČKIOT CENTAR. CENTAROT TREBALO DA ORGANIZIRA RAZNI VOORUŽANI AKCII. PO IZDRŽANATA KAZNA POSTOJANO NEGATIVNO SE DRŽI, A NA RABOTNOTO MESTO DELUVA OD ANTISAMOUPRAVNI I GRUPAŠKI POZICII.

IV

ВМ

РСВР на СРМ
СДБ - Скопје
ИСПОСТАВА - ОХРИД
ИЗВОР: Инг.Ѓончевски Никола
Примил: [redacted]
Примено: Усмено на 2.11.1976 год.
Ев.број: 687/509
Отчукано во 3 примероци
Доставено до: 1 прим.III сектор
2 прим. IV сектор
Примено на 15.11.1976 година
Отчукано на 15.11.1976 година

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

На 2.11.1976 година, околу 11,30 часот беше обавен разговор со лицето Никола Ѓончевски, инжињер во ХЦ "Глабочица" Струга, кој покрај другото информира следното:

- Би сакал да Ве информирам за некои појави кои, према мое мислење, треба да ги имате на увид, бидејќи се работи за лица кои порано биле репресирани.

Во ХЦ "Глабочица" Струга вработени се лицата: [redacted] дипломиран правник и [redacted] -дипломиран економист,шеф на сметководство, кои порано беа осудени на 8 години строг затвор по Ванчомихајловистичка линија. Право да Ви кажам истите и понатака се "волци во јагнешка кожа" и тие се слушаат во предпријатието. Постоеја, а исти постојат лоши меѓучовечки односи помеѓу секретарот [redacted] и директорот [redacted] [redacted] беше на страната на секретарот, [redacted] на страната на директорот и така на еден начин тактизираа. Истите во предпријатието не комуницираат и се стекнува впечаток дека се скарани, а во ствари во приватниот живот, односно вон работното време се сретнувале, или се разбира нивна тактика.

Можам слободно да кажам дека се доста влијателни и тие "управуваат" со предпријатието, а не директорот.

Во разговор со [redacted] неколку пати ме прашал дали е правилно и зошто децата кои потекнуваат од борачки фамилии имале приоритет во однос на нивно вработување и формирање на истите, а тоа нешто нему воопшто не му се свиѓало и нешто не било во ред. Кога осетив со какви тенденции поставува вакво прашање, право да Ви кажам, прилично се нaљутив и му реков дека нашето општество е хумано и води сметка за сите, но првенствено ќе води грижи за такви деца, а не за лица кои го извалкале образот и нанеле штета на општеството, а за таква делатност биле под удар на нашиот Закон. [redacted] се замолчи и не ми даде никаков одговор. Колку што јас прецених, можеби кај мене настапуваше со извесна обмислена провокација и придобивање на свои сомислители. Можеби не требаше веднаш да го пресечам поради откривање на неговата права намера, но од друга страна ценев дека добро му сторив.

Извесно време со мене не зборуваше. Сега скоро имав сообраќаен удес и малку колата ми беше оштетена. Требаше да се оди во Охрид во ДОЗ, а во таа институција никој не ми беше познат. Некои мои другари ми рекоа да го замолам [redacted] наводно, да тој имал добри пријатели во Охрид и да веднаш ќе ми сврши работа. Јас отидов во неговата канцеларија и го замолив, ако сака да одиме во ДОЗ и да ми помогне. Истиот се насмеја и ми рече да не сум се секирал тој ќе свршел работа и тоа со гаранција. Другите денови бевме во Охрид и увидов дека [redacted] има голем број на свои пријатели и во ДОЗ беше пречекан многу добро и тоа од сите службеници и добро бевме почестени. Во разговор со ними, на еден начин се преставуваше како афторитет и влијателен во ХЦ "Глабочица" а јас за цело време молчев и не се упуштив во дискусија. Работата веднаш ми ја сврши на што му се заблагодарив и сега сме во добри односи

[redacted] напишал молба - без некое образложение за да се разреши од работното место - шеф на финансии. Молбата беше раз гледана од колегиумот и се реши да биде сменет, со ублажително образложение на директорот дека за него имало друго работно ме сто и ред други работи. Мене ми е јасно зошто [redacted] сам барал да се повлече, бидејќи е заклучок на ЦК на СКМ да осудувани ли ца против народ и држава не можат да бидат на раководни функ- ции. После ваквиот настан [redacted] е доста расположен и само се смее иронично зборувајќи дека способните луѓе се сменувале, но за тоа воопшто не му било гајле. Како што разбрав тој му бил прв братучед на [redacted] од Струга кој е член на ЦК, а директор на дистрибуција - Струга.

Во секој случај треба да се има една будност и за вакви и слич- ни работи и понатака ќе се интересирам и Вас Ве информирам како би имале увид.

II

Наводите во белешкава се проверени и од други наши извори и ги примам за точни. Изворот ми е доволно познат, интелигентен е и скромен и не е склон кон некои преувеличувања.

Лицата: [redacted] се осудувани на по 8 /осум/ години строг затвор по линија на ВМ /Ванчомихајловизам/ кои после издржување на казната, вонредно завршиле факултети и се вработиле во ХЦ "Длабочица" каде и сега се наоѓаат. Точно е тоа да тие во работно време не комуницираат и се стекнува дојам дека нивните меѓусобни односи не им се добри, а во ствари во приватниот живот, односно вон работното време контактираат во- дејќи сметка за нивната упадливост пред јавноста. Кога бил болен [redacted] од тромбоза на ногата, [redacted] бил ноќе на посета кај него. Ова зборува за едно нивно тактизирање во нивното дејствување. При- видно истите се пасивизирани, бидејќи не се регистрирани некои интересни вербални искажувања, но во дадена состојба цениме дека би се активирале и непријателски дејствувале.

Интересни се нивните контакти со лица – истомислители осудувани по истата линија нарочно во Охрид, а нарочно со лицето [redacted] – директор на болницата на костозглобни заболувања.

Интересен е настапот – провокацијата на [redacted] према изворот, можно е да со тоа сакал да го испита што мисли и како ќе реагира поради стварање на негов круг на едномислители. Имајќи во предвид да истите се доста интелигентни во понатамошните наши истражувања ќе одиме кон детално проучување на нивната средина и дифиренцирање на погодно лице за ангажирање поради увид и обработка на истите.

Ќе се испита подобро можноста за вклопување на изворот во ваквата средина, бидејќи има одлични субјективни можности и се вработени во иста установа.

Изворот беше ориентиран да и понатака се интересира за вакви и слични случаеви и нас да не информира. Воедно, оди кон зближување со [redacted], али сосема предпазливо.

III

1. [redacted], роден 1929 година во Струга, Македонец, државјанин на СФРЈ, неорганизиран, дипломиран правник, запослен во ХЦ "Глабочица" на работно место референт за вработување, осудуван по ВМ, стално настанет во Струга.

2. [redacted] роден 1925 година во Струга, Македонец, државјанин на СФРЈ, неорганизиран, оженет, дипломиран економист вработен во ХЦ "Глабочица" Струга, шеф на финансии, осудуван по ВМ, стално настанет во Струга.

О/ЉИ [redacted]

286

РСВР на СРМ - Скопје [redacted] 20230 [redacted]
Испостава на СДБ - Охрид
Извор "Вихор"
Инспектор: [redacted]
Охрид, 5.1.1978 година
Отчукано во 3 примероци /БР
Доставено до III и IV сектор
Скопје и ИСДБ - Охрид
Евид. бр. 15 / 141

1.

# И З В Е Ш Т А Ј

ВМ

На 5.8.1978 година беше одржан состанок со соработникот "Вихор" кој, во врска порано поставениот задаток, информира следното:

"Како што знаете во ХЦ "Глобочица" има вработено лица кои порано биле осудувани против народ и држава кој привидно се пасивизирани, а према мое мислење се доста опасни. Во последно време сум приметил да лицето [redacted] почесто оди во Охрид и тоа ноќе, кај кого оди, мене не ми е познато. Истиот во колективот, на еден модифициран начин иницира на една подвоеност помеѓу село - град, односно према кадарот од село се однесува потценувачки. Стално се групира со лицата: [redacted] инжинер, [redacted] техничар, [redacted] - шофер и [redacted] секретар. Истиве го форсираат [redacted] така да, врз основа на новиот правилник, е избран во една осетлива комисија кој што не би требало да биде. Именно избран е во Комисијата за вреднување на трудот. И да сака некој да го критикува не смее, бидејќи ќе му се одрази во личниот доход. За одбележување е и тоа што скоро 70% од вработените се фамилијарно поврзани што негативно се одразува во односите и самата работа.

Сум разбрал да инжињерот [redacted] бил родбински поврзан со некој емигрант од Струга, на настанет во Шведска по име [redacted] кој членувал во екстремна македонска организација - со кого и се допишувале, така да неговата

/

блискост со [redacted] и тоа во последно време не е случајна, но најверојатно со некоја одредена цел.

II

Опишаниот случај во извештајов ги примам за точни бидејќи соработникот е проверен кој од аспект на карактер е доста стабилен, искрен и не е склон кон некои преувеличувања. Точно е тоа дa во објектот ХЦ "Глобочица" - Струга од порано се вработени лица осудувани по ВМ и ИБ што се- како нивното вработување било иницирано од некого. ХЦ "Глобочица" е објект под заштита на СДБ над кој и понатака ќе имаме увид над состојбите и други проблеми од безбедносен аспект.

Интересно е форсирањето на [redacted] во работната организација кој порано беше осуден на 5 години строг затвор во ВМ. Неговиот избор во осетлива комисија и завземено осетливо работно место заслужува внимание и наш однос кон разрешување на тој проблем. Точно е тоа да истиот многу често оди вон Струга, нарочно во Охрид од каде е и оженет. Добиени се податоци од други извори дека истиот контактирал со [redacted] кои контакти се доста интересни и предмет на наше проучување.

Точно е и тоа да [redacted] е роднински поврзан со политичкиот емигрант [redacted] поранешен член на МПО, а сега секретар на ДООМ во Шведска. Ваквата негова поврзаност и понатака ќе се разработува.

III

1. [redacted] роден 1929 година во Струга, македонец, државјанин на СФРЈ, не организиран, оженет, дипломиран правник, вработен во ХЦ "Глобочица" како референт за работни односи., осудуван по ВМ, стално настанет во Струга.

./.

2. [redacted] роден 1942 година во Струга, македонец, државјанин на СФРЈ, организиран, машински инжињер, вработен во ХЦ "Глобочица", не осудуван, нити притворан, стално настанет во Струга.

Инспектор,
[redacted]

РСВР на СРМ – Скопје
Испостава на СДБ – Охрид
Извор: "Вихор"
Инспектор: [redacted]
Охрид, 20.2.1978 година
Отчукано во 3 примероци /БР
Доставено до III и IV сектор
Скопје и ИСДБ – Охрид
Евид. бр. 171 (130)

[redacted] – IV

Заштита
Разговорот со [redacted] и [redacted] [redacted]

# И З В Е Ш Т А Ј

[redacted]

9/3

[redacted]

На 16.2.1978 година бев на пат за Скопје со директорот на ХЦ 2 Глобочица" – Струга [redacted] граѓевински инжињер. Покрај другото [redacted] потенцира разговор во врска поранешните студентски демонстрации во Белград кои во својата дискусија воопшто не ги оправдуваше. [redacted] се насмеа иронично и се произнесе дека во тоа време постоело движење, односно општ студентски покрет во Европа кој покрет влијаел и иницирал такви демонстрации и на Универзитетот во Белград, што било сосема оправдано и да студентите не биле виновни. И јас се умешав, бидејќи неможев да трпам и дадов свое мислење, осудувајќи ги таквите екстремни појави во нашето општество.

[redacted] е побратим на [redacted] машински инжињер, вработен во ХЦ "Глобочица". Од други разбрав дека, наводно, да [redacted] како студент бил учесник во белградските демонстрации. Колку е тоа точно незнам. И правдањето од страна на [redacted] на такви демонстрации од ваква врска со [redacted] веројатно и потекнува. [redacted] има своја група во ХЦ "Глобочица" како: [redacted] и [redacted] со кои се стално во контакт. Сум разбрал и тоа да истиот бил пријател со некој екстремен

./.

емигрант настанет во Шведска, а родом од Струга, за што би требало да имате увид. Како група истите се доста затворени и доста перфидни во своите настапи.

Во ОЗТ ХЦ "Глобочица" пред месец дена беше распишан конкурс за работно место шеф на сметководство на кој се пријавија две лица и тоа: [redacted] каде е в.д. раководител и некој си [redacted] дипломиран економист. Разбрав дека тоа место било под заштита и да [redacted] испратил писмо до СДБ за добивање на мислење за нивната безбедносна подобност. Тој пред работодавниот орган рекол, односно го прочитал писмото што е испратено до Вас, кажувајќи им дека чекал да безбедноста се произнесе. Ако тужел [redacted] им рекол да пред суд ќе го прочитал и писмото и добиеното мнение од Службата. Према мое мислење еден ваков негов однос е неодговорен како директор и со тоа по моја оценка оди кон компромитација на Службата."

II

Содржината на извештајов, и ако не е проверена, ја примам за точна, бидејќи соработникот е проверен и ми е доволно познат кој не е склон кон преувеличување. Како дипломиран граѓевински инжињер работи во ХЦ "Глобочица" и има пристап кон ваквите средини. Точно е тоа да [redacted] се побратими и доста поврзани кои почесто се во контакт со [redacted] осудуван по ВМ.

Искажувањата, односно оправдувањата на белградските демонстрации од страна на [redacted] е интересни и заслужуваат наше внимание. Подетално ќе се провери и од други наши извори дали стварно [redacted] учествувал во белградските демонстрации како би имале комплетна оценка за истиот. [redacted]

./.

[redacted] е поврзан и со екстремниот емигрант во Струга [redacted] настанет во Шведска, поранешен член на МПО, а сега секретар на ДООМ. Подетално ќе биде проучена нивната средина и нивните врски поради диференцирање на погодно лице за ангажирање.

Ваквите настапи на директорот [redacted] секако се неодговорни за која цел, најде начин, ќе му се укаже - предупреди на последиците што со ваков еден негов однос би настанале.

Соработникот беше инструиран да и понатака обавува разговори со [redacted] и ја утврди вистинитоста на наводите за [redacted]

III

1. [redacted] роден 1942 година во Охрид, македонец, државјанин на СФРЈ, организиран, оженет, дипломиран граѓевински инжињер, вработен во ХЦ "Глобочица", стално настанет во Охрид.

2. [redacted] роден 1942 година во град Струга, македонец, државјанин на СФРЈ, организиран, дипломиран машински инжињер, вработен во ХЦ "Глобочица", не осудуван нити притворан, стално настанет во Струга.

3. [redacted] роден 1929 година во Струга, македонец, државјанин на СФРЈ, не организиран, дипломиран правник, вработен во ХЦ "Глобочица", притворан и осудуван по ВМ, стално настанет во Струга.

Инспектор,

[redacted]